Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

______________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 30 октомври 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 30.10.2023, понеделник во 12:55 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:
*(уредно поканети, известиле за причините за отсуство)*

- **Лорета Горгиева**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд;
- **Кренар Лога**, министер за правда.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Гордана Дувњак**, државен советник;
- **Вера Андрејчин**, советник;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог дневниот ред за 462-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог дневниот ред.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и предложи точката разно да се прошири со точка одлучување за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Битола.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и предложи точката разно да се прошири со точка одлучување за избор на судии поротници во Основен кривичен суд Скопје.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседатели на Апелационен суд Скопје, Основен суд Битола и Основен суд Прилеп;

2. Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип;

3. Донесување на одлука по поднесено барање за патни трошоци;

4. Утврдување на конечни ранг листи за избор на судии за Апелационен суд Скопје;

5. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр. 286/23, 289/23, 298/23, 309/23;
- УПП бр.  303/23, 313/23, 324/23;
- УПП бр. 118/23, 271/23;
- УПП бр. 227/23, 248/23, 258/23, 275/23;
- УПП бр. 133/23, 175/23, 190/23, 220/23;
- УПП бр. 264/23, 272/23, 285/23, 332/23;
- УПП бр. 221/23, 299/23;
- УПП бр. 223/23, 238/23, 280/23, 321/23;
- УПП бр. 224/23, 231/23, 249/23, 268/23, 310/23;
- УПП бр.265/23 и

- УПП бр. 166/23, 203/23, 212/23, 222/23, 284/23, 297/23, 308/23, 317/23.

6. Разно.

## Точка 1

(Избор на претседатели на Апелационен суд Скопје, Основен суд Битола и Основен суд Прилеп)

● По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на претседател на Апелационен суд Скопје ги разгледа поднесените пријави по огласот за избор на претседател на Апелационен суд Скопје, по огласот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 269/22 од 14.12.2022 година, година.

Наведе дека по спроведената постапка Комисијата констатира дека по објавениот оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје пријавени се два кандидати.

Наведе дека се констатира дека пријавите се навремено доставени до Судскиот совет на РСМ.

Наведе дека Комисијата констатира дека од кандидатите пријавени за избор на претседател на Апелационен суд Скопје еден кандидат е со уредна и комплетна документација, додека другиот кандидат е со неуредна и некомплетна документација.

Наведе дека по однос на исполнувањето на законскиот услов кандидатот да има познавање од практична работа со компјутери се утврди дека пријавениот кандидат за избор на претседатели е избран за судија пред 26.11.2010 година кога на сила стапи Законот за изменување и дополнување на Законот за судови, со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија, така што нема потреба од спроведување на проверка на практична работа со компјутери и кандидатот не е должен да достави документација за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија.

Наведе дека на 10.07.2023 година до Комисијата пристигна стручното мислење од психолошкото тестирање со тест на личност и тест за интегритет, според кое кандидатот на ден 04.07.2023 година го имаат положено тестот .

Наведе дека Комисијата, на ден 20.09.2023 година спроведе интервју со кандидатот од кандидатската листа за претседател на Апелационен суд Скопје.

Наведе дека по спроведената постапка по огласот за избор на претседател на Апелационен суд Скопје Комисијата ја состави следната Предлог листа за избор на претседател на Апелационен суд Скопје:

1. Мери Дика Георгиевска, судија на Апелационен Суд Скопје. Биографија: 16.09.1985 Правен факултет Скопје; 18.02.1987 Правосуден испит; 01.11.1985 – 31.12.1986 – адвокатски приправник; 01.01.1987 – 05.05.1989 – адвокатски стручен соработник; 06.05.1989 – 30.06.1996 – адвокат во сопствена канцеларија;

01.07.1996 – 17.05.2005 – судија во Основен суд Скопје 2 Скопје; 18.05.2005 – 18.12.2012 – судија на Апелационен суд Скопје; 18.12.2012 – 18.12.2018 – член на Судски совет на РСМ; 19.12.2018 – до денес – судија на Апелационен суд Скопје. Судиски стаж на ден 12.10.2023 - 27 г. 3 м. 12 д.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е спроведено гласањето.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев извести дека согласно чл.50 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со чл.49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија“.

Во таа насока, претседателот на Советот Сашко Георгиев побара да гласаат членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

За претседател на Апелационен суд Скопје е избрана:
Мери Дика Георгиевска - судија на Апелационен суд Скопје

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

● По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на претседател на Основен суд Битола ги разгледа поднесените

пријави по огласот за избор на претседател Основен суд Битола по огласот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 244/22 од 15.11.2022 година.

Наведе дека по спроведената постапка Комисијата го констатира дека по објавениот оглас за избор на претседател на Основен суд Битола пријавени се два кандидати.

Наведе дека се констатира дека пријавите се навремено доставени до Судскиот совет.

Наведе дека од кандидатите пријавени за претседател на Основен суд Битола констатирано е дека еден кандидат е со уредна и комплетна документација, додека другиот кандидат е со неуредна и некомплетна документација.

Наведе дека по однос на исполнувањето на законскиот услов кандидатите да имаат познавање од практична работа со компјутери се утврди дека пријавениот кандидат за избор на претседател е избран за судија пред 26.11.2010 година кога на сила стапи Законот за изменување и дополнување на Законот за судови, со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија, така што нема потреба од спроведување на проверка на практична работа со компјутери и кандидатите не се должни да достават документација за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија.

Наведе дека на 10.07.2023 година до Комисијата пристигна стручното мислење од психолошкото тестирање со тест на личност и тест за интегритет, според кое кандидатот на ден 04.07.2023 година го имаат положено тестот.

Наведе дека Комисијата, на ден 20.09.2023 година спроведе интервју со кандидатите од кандидатската листа за претседател на Основниот суд Битола.

По спроведената постапка по огласот за избор на претседател на Основен суд Битола Комисијата ја состави следната Предлог листа за избор на претседател на Основен суд Битола:

1. Татјана Петровска, судија на Основен суд Битола. Биографија: 1986 година - Правен факултет Битола; 20.10.2003 - Правосуден испит; 07.07.2009 – до денес – судија на Основен суд Битола. Судиски стаж на ден 12.10.2023 - 14 г. 3 м. 7.д.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и упати прашање до известителот што работела судијата Татјана Петровска од 1986 година како е дипломирана до нејзиниот избор за судија во 2009 година, бидејќи како податок недостасува?

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека ќе одговори во име на известителот, бидејќи потекнува од тоа подрачје и лично ја познава судијата откако била вработена како судија во Основен суд Битола. Укажа дека кандидатот претходно има работено како заменик управител во затворот во Битола, а пред тоа работи како раководител во издавачка куќа Мисирков во Битола. Посочи дека точно за другите места каде има работено не знае, но во Регистарот на судии тие податоци се достапни и може да се проверат.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

За претседател на Основен суд Битола е избрана:
Татјана Петровска - судија на Основен суд Битола

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

● По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на претседател на Основен суд Прилеп ги разгледа поднесените пријави по огласот за избор на претседател на Основен суд Прилеп објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 58/23 од 16.03.2023 година.

Наведе дека по спроведената постапка Комисијата констатира дека по објавениот оглас за избор на претседател на Основен суд Прилеп пријавени се четири кандидати.

Наведе дека се констатира дека пријавите се навремено доставени до Судскиот совет.

Наведе дека Комисијата констатира дека од пријавените кандидати за избор на претседател на Основен суд Прилеп два кандидати се со уредна и комплетна документација, додека останатите два кандидати се со неуредна и некомплетна документација.

Наведе дека по однос на исполнувањето на законскиот услов кандидатите да имаат познавање од практична работа со компјутери се утврди дека двата пријавени кандидати за избор на претседател кои ги исполнуваат условите за судии се избрани пред 26.11.2010 година кога на сила стапи Законот за изменување и дополнување на Законот за судови, со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија, така што нема потреба од спроведување на проверка на практична работа со компјутери и кандидатите не се должни да доставaт документација за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија.

Наведе дека до Комисијата пристигна стручното мислење од психолошкото тестирање со тест на личност и тест за интегритет, според кое кандидатите на ден 26.09.2023 година го имаат положено тестот.

Наведе дека Комисијата, на ден 24.10.2023 година спроведе интервју со кандидатите од кандидатската листа за претседател на Основниот суд Прилеп.

Наведе дека по спроведената постапка за избор на претседател на Основен суд Прилеп Комисијата ја состави следната Предлог листа за избор на претседател на Основен суд Прилеп:

1. Јасмина Шишковска Стојковиќ судија на Основен суд Прилеп. Биографина: 21.02.2002 - Правен факултет Скопје; 20.12.2004 - Правосуден испит; По дипломирање и волонтирање во Основен суд Битола работи како адвокатски приправник; Октомври 2003 – август 2007 судски координатор во Основен суд Битола; 01.07.2007 - посетува Академија за судии и јани обвинители (1 генерација); 07.07.2009 година до денес –судија на Основен суд Прилеп. Судиски стаж на ден 24.10.2023 - 14 г.3 м. и 19 д.

2. Сашо Патоски, судија на Основен суд Прилеп. Биографија: 12.03.1992 Правен факултет Скопје; 08.07.1994 Правосуден испит; 15.06.1992—31.07.1992 судски приправник во адвокатска канцеларија; 08.07.1994 – 01.07.1996 стручен соработник во Основен суд Прилеп; Јули 1998 – 05.02.2008 – секретар на Основен суд Прилеп; 06.02.2008 - до денес – судија на Основен суд Прилеп. Судиски стаж на ден 24.10.2023 - 15 г.8 м. и 18 д.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека како координатор на Основен суд Прилеп, ја следи работата на судот кој бил во тешка ситуација, со недостаток на судии и заостаток на голем број на предмети. Укажа дека сегашниот ВД претседател, односно кандидатот, судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ во најтешките моменти за судот е поставена за ВД претседател и успева да го менаџира судот во добра насока за надминување на потешкотиите. Посочи дека тоа како координатор мора да го истакне како би се имало во предвид пред гласањето.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор првиот предлог го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлог е усвоен. Со оглед дека првиот предлог ги доби сите гласови од присутните членови на Советот, не се премина на гласање по вториот предлог и се констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА
З А ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

За претседател на Основен суд Прилеп е избрана:
Јасмина Шишковска Стојковиќ - судија на Основен суд Прилеп

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека со оглед дека на колегите претседатели коишто досега ја извршувале функцијата им истекува 4 годишниот мандат потребно е да се определат ВД претседатели на Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип.

Посочи дека треба да се има во предвид дека процедурата за избор на претседатели во предметните судови е во завршна фаза, а пракса на Судскиот совет е досегашните претседатели да продолжат да менаџираат со судот до изборот на нови.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека судијата Валентина Петровска се има пријавено за избор на претседател на Основен суд Велес, но со некомплетни документи, меѓутоа ја изразила јасно својата волја дека би сакала да менаџира со судот. Во таа насока предложи истата да се номинира за ВД претседател на судот и да отпочне да ги увиди состобите, па можеби ќе увиди дека не е спремна и нема да се пријави за избор на претседател, а во спротивно можеби ќе увиди дека може да даде свој придонес, па ќе се пријави повторно на оглас.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека со оглед на тоа дека краток е периодот до окончување на постапката за избор на претседатели, а пракса е од досегашното работење на Судскиот совет, не гледа зошто не се оди со поставување на досегашните претседатели за ВД претседатели до избор на нови претседатели. Дотолку повеќе што нема некакви негативни состојби во вршењето на претседателската функција.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека и покрај тоа што го изразила нејзиниот став, бидејќи од дискусиите произлегува дека најрационално е соглед на времето за кое треба да бидат пензионирани досегашните претседатели (месец дена), прифатливо е да останат, бидејќи во спротивно ќе се наруши нормалното функционирање на судот. Истакна дека го повлекува нејзиниот предлог.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот за ВД претседател на Основен суд Велес да се определи Лидија Димова, судија на Основен суд Велес го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Велес се определува Лидија Димова, судија на Основен суд Велес и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 30.10.2023 година.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот за ВД претседател на Основен суд Делчево да се определи Миле Ѓоргиев, судија на Основен суд Делчево го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Делчево се определува Миле Ѓоргиев, судија на Основен суд Делчево и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 30.10.2023 година.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот за ВД претседател на Основен суд Крива Паланка да се определи Љубица Цветковска Стојановска, судија на Основен суд Крива Паланка го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Крива Паланка се определува Љубица Цветковска Стојановска, судија на Основен суд Крива Паланка и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 30.10.2023 година.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата од оправдани причини.*

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот за ВД претседател на Основен суд Штип да се определи Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Штип се определува Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 30.10.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Донесување на одлука по поднесено барање за патни трошоци)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека Илјаз Исмаили, судија на Основен суд Гостивар на ден 26.10.2023 година до Судскиот совет на Република Северна Македонија достави барање за надомест на трошоци за превоз, заведено во Советот под бр.05-2098/1 од 26.10.2023 година.

Посочи дека во барањето судија наведува дека со решение на Судскиот совет на РСМ, бр.02-1905/1 од 02.10.2023 година времено е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Кичево, сметано од 15.10.2023 година, за период од една година од упатувањето. Со оглед на околноста што живее во една општина, а судиската функција ќе ја извршува во друга општина каде е упатен, во која општина ниту тој, ниту членови на неговото семејство не поседуваат стан или куќа, судијата бара да му се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Гостивар-Кичево и обратно.

Наведе дека кон барањето судија има приложено: копија од лична карта, копија од решение за упатување, изјава заверена кај нотар, потврда за цената на возниот билет на релација Гостивар-Кичево и обратно.

Укажа дека постапувајќи по барањето за надомест на трошоци доставено од Илјаз Исмаили, судија на Основен суд Гостивар и разгледување на доставената документација се утврди дека судијата Илјаз Исмаили е со живеалиште во Гостивар, дека времено е упатен судиската функција да ја извршува во Основен суд Кичево, како и дека во град Кичево каде времено е упатен да ја извршува судиската функција, ниту тој, ниту членови на неговото потесно семејство немаат недвижен имот - сопствен стан или куќа.

Врз основа на наведените причини, а согласно чл.12 ст.1 ал.2 од Законот за платите на судиите, предложи да се констатира дека на судијата му следува надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за

периодот од 15.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Гостивар-Кичево и обратно.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Весна Дамева повторно е присутна на седницата.*

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на Илјаз Исмаили, судија на Основен суд Гостивар за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Илјаз Исмаили, судија на Основен суд Гостивар му се СЕ УТВРДУВА
- право на надомест на трошоци за превоз како судија кој што живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 15.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Гостивар-Кичево и обратно.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Утврдување на конечни ранг листи за избор на судии за Апелационен суд Скопје)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека по изготвени Ранг листи од страна на Комисијата беа изјавени жалби од судиите - кандидати за избор на судии во повисок суд. Советот согласно чл.12 ст.5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд расправаше и донесе одлука на 460-та седница, по што беше изготвена Конечна ранг листа за избор на кандидатите за избор на 8 судии во Апелационен суд Скопје, и тоа 4 судии во кривична област и 4 судии за граѓанска област, а која листа треба да се утврди на тековната седница.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека по седницата на која се прифатија приговорите врз основа на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд Советот подготви Конечната ранг листа.

Најпрво ја прочита Конечната ранг-листа на кандидати за избор на 4 (четири ) судии на Апелационен суд Скопје, за граѓанска област:

1. Елизабета Настов, судија на Основен граѓански суд Скопје - 77,3 поени;
2. Александар Шопов, судија на Основен суд Велес - 75 поени;
3. Ирена Костадинова Ангелова, судија на Основен граѓански суд Скопје - 73,6 поени;
4. Наталија Донева, судија на Основен граѓански суд Скопје - 73,1 поени;
5. Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје - 72,2 поени;
6. Илир Сулејмани, судија на Основен граѓански суд Скопје - 69,5 поени;
7. Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка - 66,2 поени;
8. Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје - 61,2 поени;
9. Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје - 60,8 поени;
10. Цветанка Сиљановска Костадиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје - 59,3 поени;
11. Софија Миленкова, судија на Основен граѓански суд Скопје - 57,7 поени;
12. Бесник Авдија, судија на Основен граѓански суд Скопје - 57,7 поени;
13. Гордана Јакова, судија на Основен граѓански суд Скопје - 54,7 поени;
14. Љупчо Спироски, судија на Основен суд Тетово - 54,7 поени;
15. Артан Лимани, судија на Основен граѓански суд Скопје - 53,8 поени;
16. Софче Гаврилова Ефремова, судија на Основен кривичен суд Скопје - 52,4 поени;
17. Виолета Арнаудова, судија на Основен граѓански суд Скопје - 50,5 поени;
18. Вјолца Мора Бајрами, судија на Основен суд Куманово - 46,7 поени;
19. Даниела Миновска, судија на Основен граѓански суд Скопје - 46,6 поени;
20. Душан Јосифов, судија на Основен кривичен суд Скопје - 46,3 поени;
21. Марин Станевски, судија на Основен кривичен суд Скопје - 45,5 поени;
22. Газменд Фејзули, судија на Управен суд - 45,1 поени.

Во продолжение ја прочита Конечната ранг-листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелационен суд Скопје, за кривична област:

1. Лазар Нанев, судија на Основен суд Кавадараци - 77,2 поени;
2. Габриела Гајдова, судија на Основен суд Велес - 76,4 поени;
3. Оља Ристова, судија на Основен кривичен суд Скопје - 74,8 поени;
4. Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип - 69 поени;
5. Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово - 68,9 поени;
6. Александра Ристевска, судија на Основен кривичен суд Скопје - 66,8 поени;
7. Даниела Алексовска Стојановска, судија на Основен кривичен суд Скопје - 66,6 поени;
8. Верка Костовска, судија на Основен суд Тетово - 65,2 поени;
9. Љубиша Ѓоргевиќ, судија на Основен суд Куманово - 64,3 поени;
10. Љубинка Башевска, судија на Основен кривичен суд Скопје - 63,6 поени;
11. Весна Димишкова, судија на Основен кривичен суд Скопје - 62,7 поени;
12. Ивица Стефановски, судија на Основен кривичен суд Скопје - 59,1 поени;
13. Осман Шабани, судија на Основен кривичен суд Скопје - 59,1 поени;
14. Илија Трпков, судија на Основен кривичен суд Скопје - 57,5 поени;
15. Софче Гаврилова Ефремова, судија на Основен кривичен суд Скопје - 57,4 поени;

16. Дијана Груевска Илиевска, судија на Основен кривичен суд Скопје - 57,3 поени;
17. Ленка Давиткова, судија на Основен кривичен суд Скопје - 54,9 поени;
18. Билјана Кижевска, судија на Основен суд Кичево - 53,9 поени;
19. Џенета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје - 52,6 поени;
20. Баки Алиу, судија на Основен суд Кичево - 52 поени;
21. Пајазит Пајазити, судија на Основен кривичен суд Скопје - 51,6 поени;
22. Васка Николовска Масевска, судија на Основен кривичен суд Скопје - 51,4 поени;
23. Душан Јосифов, судија на Основен кривичен суд Скопје - 50,3 поени;
24. Марин Станевски, судија на Основен кривичен суд Скопје - 49 поени;
25. Газменд Фејзули, судија на Управен суд - 44,1 поени.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе во извештајот да се искорегира, бидејќи е грешка, станува збор за 16 жалби од кривична материја, а нотирани се 15.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека сега е веќе можеби безпредметно затоа што има кандидати кои не се јавиле на психолошкиот тест и тие автоматски отпаѓаат од Конечната ранг листа, бидејќи се откажале од правото да бидат бирани. Тоа се судиите Снежана Богдановска, Јасмина Блажевска, Дарко Тодоров и Славица Наумовска Јосифовска. Но, по однос на кандидатот Славица Наумовска Јосифовска таа имала вложено жалба на Ранг листата и подоцна откако е гласано сите констатирале дека е направена техничка грешка во внесување на бодовите од квалитетот на работењето, наместо 20 бода, биле внесени 10, така да во предлог ранг листата и со усвојување од 1 бод таа има 43 бода. Укажа дека знае дека тоа ништо не менува, но добро е се каже поради нејзина лична сатисфакција по однос на нејзиниот труд, но и заедничи да се констатира дека е направен превид.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека се согласува, точно е, на посочениот кандидат бодовите му се додадени и тоа е исправено, но кога пристигнале резултатите од психолошкото тестирање и е утврдено дека посочениот кандидат нема спроведено психолошко тестирање тој отпаѓа и не може да биде рангиран во Конечната листа.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлог конечните ранг листи за избор на судии за Апелационен суд Скопје ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ усвоени се конечните ранг листи за избор на судии за Апелационен суд Скопје.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде пауза во траење од 10 минути.*

*Седницата продолжи во 14:45 минути.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

*Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека претседателот на Советот Сашко Георгиев ја напушти седницата од оправдани причини и со седницата продолжува да раководи заменик претседателот на Советот.*

**1.** Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели му даде збор на членот на Советот **Мери Радевска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.286/23** од 25.08.2023 година поради незадоволство и сомневање во донесена пресуда од Апелационен суд Гостивар каде тој се јавува како тужен во предметот. Видно од доставената изјава од второстепениот судија Советот смета дека истиот постапил и одлучил врз основа на целосно разгледување на фактичката состојба и приложените докази, одлучено е од страна на трочлен совет - еден претседател на Советот - судија известител по предметот и двајца членови на Советот. Второстепениот суд ценел дека правно неиздржани и ирелевантни се ставовите на првостепениот суд по однос на правниот статус на објектот дали е легално изграден со одобрение за градба или пак истиот е дивоградба и по однос на тоа дали е погрешно запишан во АКН. Второстепениот суд цени дека првостепениот суд не е надлежен истото да го утврди, бидејќи постојат соодветни со закон пропишани постапки каде може да се утврди правилното односно неправилното запишување на правото на сопственост, а во конкретниот случај истото не е од значење во заштитата на правото на вознемирување на сопственоста.Во списите на предметот, согласно вештиот наод било утврдено дека постои можност за отстранување на на вознемирувањето.наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува и истите биле предмет на одлучување од надлежен второстепен суд

Претставка **УПП.бр.289/23** од 11.09.2023 година во врска со незадоволство од постапувањето на ВД претседателот на судот и судија на Основниот суд Прилеп по предметот ВПП-12/23.По направени извиди по наводите во претставката, согласно увидот во предметот, како и согласно добиената изјава од судијата против кого е поднесена претставката Советот најде дека предметот ВПП-12/23 е оформен по предлог за определување на закупец поднесен од предлагач МЈ од Прилеп против подносителот на претставка АЈ. На ден 05.6.2023 е одржано рочиште по поднесениот предлог. Судијата го одбил барањето на противиникот за одлагање на рочиштетот од причина што ценела дека со оглед на тоа што поканата за расправа ја примил на ден 19.5.2023 година па до

денот кога рочиштето е одржано истиот имал доволно временски период да ангажира адвокат. Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува и истите можат да бидат предмет на одлучување од надлежен второстепен суд. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови

Претставка **УПП.бр.298/23** од 13.09.2023 година и дополнувања од 14.09.2023 година и 18.09.2023 година истакната поради незадоволство од донесено решение ГЖ-2110/22 од 12.7.2023 година на Апелационен суд Скопје во врска со поднесена жалба поради долготрајно постапување и одлучување, повеќе од 15 месеци, како и поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка поконкретно чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП. Советот најде дека Основен суд Кратово МАЛВП-18/19 од 29.3.2022 година тужбеното барање на тужителот-подносител на претставка за надомест на штета го одбил како неосновано. Апелационен суд Скопје кој постапувал по поднесена жалба, а во правната работа по предлогот за повторување на постапка поднесен од тужителот-подносител на претставка за надомест на штета, постапувајќи по истата донел решение ГЖ-2110/22 од 12.7.2023 година со која жалбата е одбиена како неоснована, а првостепеното решение на Основен суд Кратово МАЛВП-18/19 од 29.3.2022 година го потврдил.Со оглед на тоа што подносителот поднел кривична пријава против првостепениот судија, Советот смета дека тоа не е во надлежност на негово постапување согласно законските надлежности па подносителот треба да го сочека исходот од таа постапка. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди.

Претставка **УПП.бр.309/23** од 26.09.2023 година во врска со незадоволство од постапување на судија на Основен суд Битола по предметот ПРК-Ј-204/23. Наведува дека има пропусти во водењето на судската постапка. По направен увид во наводите по претставката, како и согласно добиената изјава од судечкиот судија по предметот, Советот најде дека наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди. Со оглед на тоа што предметот се наоѓа пред Апелационен суд Битола по поднесена жалба, па со оглед на тоа што сеуште не е одлучено по истата, подносителот треба да го сочека изходот од второстепената постапка.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека претседателот на Советот Сашко Георгиев повторно е присутен на седницата и продолжува да раководи со истата.*

**2.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Антоанета Димовска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Истакна дека претставката **УПП.бр.08-303/23** се повлекува од причина што подносителот бара да присуствува на седницата кога преставката ќе се реферира.

Претставка **УПП.бр.08-313/2023**. Подносителот на претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Тетово по предметот ПРК.бр.201/23-Ј. Имено, откако на 01.06.2023 година на неговата домашна адреса затекнал известување да се јави во Основниот суд Тетово да подгине судски акт, потоа отишол кај судијата и истиот му кажал дека морал да му пише опомена и дека нема потреба да доаѓа на законжаното рочиште од 16.06.2023 година во 10 часот. Потоа истиот му дал празен лист да го потпише, а при тоа во канцеларијата немало ниту записничар, ниту пак некој друг. Потоа наведува дека на 20.06.2023 година бил во судот за да ја земе пресудата со која му била изречена судска опомена и тогаш дознал дека наместо опомена му била изречена глоба во износ од 150 евра. Ваквата пресуда била потврдена со пресуда од страна на Апелациониот суд Гостивар суд ПРКЖ.бр.315/23 од 23.08.2023 година со образложение дека жалбата се отфрла поради тоа што подносителот го признал прекршокот. На крај наведува дека не признал никаков прекршок и тоа дека од страна на судијата му бил даден празен лист да го потпише, при што смета дека спорниот записник е фалсификат, кое нешто можело да се утврди од камерите во судот бидејќи во канцеларијата на судијата немало дактилограф која би го составила т.н. записник каде наводно сте го признале прекршокот. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека судијата постапувајќи по предметот ПРК.бр.201/23-Ј закажал рочиште на 16.06.2023 година на кое подносителот се јавил лично и преку присутниот записничар му биле земени личните податоци. Подносителот на рочиштето доброволно, јасно и целосно го

признал прекршокот по член 12 став 1 од Законот за прекршоците и на крај го потпишал и записникот, покрај судијата и записничарот. Со пресуда ПРК.бр.201/23-Ј од 16.06.2023 година судот му изрекол глоба во износ од 150 евра, која пресуда подносителот ја примил и поднел жалба против истата. Второстепениот суд одлучувајќи по жалбата, истата ја отфрлил како недозволена. Согласно наведеното Советот утврди дека како незадоволна странка подносителот го искористил правото на редовен правен лек со што првостепената пресуда станала правосилна. Со оглед на тоа дека наводите во претставката претставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ги имал предвид при одлучувањето. Воедно, Советот му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-324/2023**. Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапување по повеќе предмети. Имено, Основниот суд Велес по предметот ВПП2.бр.4/16 на ден 18.02.2016 година донел решение со кое предлогот на предлагачот Х од Скопје спрема него како противник го усвоил и му наложил на носителот на платен промет – Комерцијална банка АД Скопје да не дозволи исплата на подносителот износ од 3.800.000,00 денари од трансакциска сметка и го здолжил предлагачот-доверителот да поднесе тужба против подносителот заради оправдување на времената мерка. Против ваквото решение истиот поднел жалба, меѓутоа второстепениот суд со решение ГЖ.бр.1203/16 од 16.03.2016 година истата ја одбил како неоснована и го потврдил првостепеното решение. Понатаму по поднесена тужба од тужителот Х за надомест на материјална штета во износ од 3.800.000,00 денари, судот донел пресуда П4.бр.8/18 од 04.05.2018 година со која го одбил како неосновано тужбеното барање. Истиот незадоволен од пресудата поднел жалба до Апелациониот суд Скопје, кој суд истата ја одбил како неоснована и првостепената пресуда станала правосилна на 14.11.2018 година, а извршна на 17.12.2018 година. Потоа, по завршувањето на оваа постапка, подносителот поднел тужба за надомест на штета во износ од 1.440.308,00 денари, а Основниот граѓански суд Скопје со пресуда П4.бр.790/20 од 20.01.2021 година го одбил како неосновано неговото тужбено барање. По поднесена жалба второстепниот суд со пресуда ГЖ.бр.1591/21 од 18.11.2021 година истата ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда. И на крај, поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ, кој суд со пресуда Рев2.бр.20/2022 од 15.02.2023 година истата ја одбил како неоснована. Наведува дека тужениот бидејќи не ја докажал оправданоста на издавањето привремена мерка должен е да му ја надомести штетата која била утврдена со вешт наод и мислење од вешто лице ЕБ од Јануари 2019 година. Ваквото судење според подносителот од страна судовите преставува злоупотреба на службената положба бидејќи според принципот на волунтариазм односно сопствено сфаќање на значењето на член 42 од ЗОП постои злоупотреба на материјалното право односно тужениот не ја докажа оправданоста на привремената мерка, а судовите го ослободиле тужениот да ја надомести материјалната штета која ја предизвикал спрема подносителот.Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека по донесувањето на пресудата на Основниот граѓански суд Скопје П4.бр.790/20 од 20.01.2021 година подносителот поднел жалба до Апелациониот суд Скопје кој пак со ГЖ.бр.1591/21 од 18.11.2021 година истата ја одбил како неоснована и ја

потврдил првостепената пресуда. Како незадоволна страна истиот поднел и вонреден правен лек – ревизија до Врховниот суд на РСМ. Судот со пресуда Рев2.бр.20/2022 од 15.02.2023 година ревизијата ја одбил како неоснована. Согласно сето наведено подносителот го искористил правото на редовен и вонреден правен лек со што првостепената пресуда станала правосилна и конечна. Со оглед на тоа дека наводите во претставката претставуваат и жалбени и ревизиски наводи, судовите истите ги имале предвид при одлучувањето. Воедно, Советот му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

По однос на претставката УПП.бр.324/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека се наметнало прашањето околу ценењето на судските одлуки од страна на Судскиот совет. Укажа дека за тоа често се говори и не може и во конкретната ситуација да не го каже својот став. Посочи дека не се согласува дека Судскиот совет не е тело кое не ги преиспитува одлуките на судовите. Судскиот совет не може да менува судски одлуки, меѓутоа треба да ги цени одлуките од аспект на нивната законитост, затоа што преку донесените одлки Судскиот совет може да утврди совесно вршење на судиската функција од страна на судиите кои ги донеле тие одлуки. Нагласи дека точно е дека во конкретниот случај нема повреди на материјалното право и заради тоа е неоснована претставката, а не затоа што Судскиот совет не е тело кое треба да ги има во предвид судските одлуки. Додаде дека точно дека треба да има слободно судиско убедување при носење на одлуките, меѓутоа непримeнувањето на законот или погрешна примена на законот не може да се подведе под слободно судиско убедување.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека во конкретниот случај подносителот исклучиво бара во неговата претставка де факто Судскиот совет да ја смени одлуката, бидејќи тој е незадоволен од одлуката и тоа апсолутно не е во надлежност на Судскиот совет. Укажа дека инаку точно е дека преку ценењето на одлуката може и само така може да се дојде до тоа дали судиите не го примениле материјалното право или свесно го примениле на штета на подносителот. Но, во конкретниот случај дури и одлуката е целосно правилна.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**3.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Ивица Николовски** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека познато е дека еднаш месечно Советот има обврска исклучиво да работи по претставки. Предложи во иднина да се има посебна седница со единствена точка на дневниот ред претставки и поплаки од граѓаните.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-227/23** се изразува незадоволство од судија на Основниот кривичен суд Скопје по предмет К-2959/20 со наводи дека тендециозно ја одолговлекува постапката со цел застарување. Советот по спроведени извиди и од прибавената изјава од судијата кој постапува по предметот најде дека судечкиот судија со одлука на претседателот на судот СУ-119/22 од 02.09.2022година од Одделот за прекршоци распореден е да постапува по предметите во Одделот кривично- полнолетни по кои постапувал претходно друг судија. Оваа одлука е во сила на 09.09.2022година и истиот ден се распредлени предмети во работа преку АКМИС системот меѓу кои и предметот К-2959/20 во врска со предметната претставка. По прием на предметот во работа и увид во списите судијата констатирал дека истиот му е доделен во работа во фаза на завршни зборови. Согласно членот 371 став 2 од ЗКП главната расправа која е одложена почнува одново ако се сменил составот на советот или судијата поединец. Согласно оваа законска одредба со согласност на странките советот може да одлучи определени сведоци и вештаци да не се сослушуваат повторно, туку да се прочитаат нивните искази внесени во записниците од поранешната главна расправа.На одново започната главна расправа рочиште се одржало на 28.10.2022 година на кое адвокатот на обвинетитот искористувајќи го своето право согласно член 371 став 2 од ЗКП, не дал согласност да се прочитаат на записник претходните дадени искази на сослушани сведоци и вештаци, поради што расправата започнува одново со повторно изведување на сите докази од почеток. Рочиштето од 11.04.2023година не било одложено туку истото е одржано во присуство на друг јавен обвинител а рочиште на 15.06.2023 година е одложено не само поради отсуство на јавен обвинител туку и поради отсуство на член на судечкиот совет .Законот за кривична постапка пропишува точно кои лица треба да бидат присутни за да може да биде одржана расправа, па се неосновани наводите од претставката за судечкиот судија од причини што рочиштето е одложено поради отсуство на други лица чие присутво е задолжително за да има услови за одржување на главна расправа. Со оглед да како наведува и судијата дека подносителот на претставката досега лично се нема појавено на ниту едно закажано рочиште , а доколу бил присутен ќе бил информиран за текот на целата постапка, како и пичините за одлагање на закажаните рочишта.Од горенведнеото наводите во претсвката за одолговлекување на постапката се неосновани. Во своето постапување посочениот судија постапувал согласно процесните одредби на ЗКП кој што пропишува на кој начин се води постапката кога истата започнува одново поради промена на судечкиот судија, како во конкретниот случај.

Претставка **УПП бр.08-248/23** насловена како барање за изземање на судија со претставка, појаснување и ургенција по истата се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Битола по предметите ПРК-С-6038/22, П4-5/23 и П1-114/21.Советот по спроведени извиди и од прибавената изјава од судијата најде дека Основниот суд Битола по предметот ПРК-С -6038/22 донел решение од 24.02.2023 година со кое прекршочната постапка против обвинет за прекршок по член 35 став 1 казнив по член 35 став 5 од ЗБСП, се запира. Според судијата полномошникот на обвинетиот поднел барање за донесување дополнително решение за трошоци, но според планот за работа во периодот приоритет им дава на предметите кај кои постои опасноста од застарување, а за конкретниот предмет наоѓа дека не спаѓа во такви предмети . Советот најде дека наводите за постапувањето на судијата по конкретниот предмет се основани . По однос на постапувањето по предметот П1-114/21 постапката е во тек. Донесена е правосилна пресуда за првопоставеното барање. Постапката продолжува со расправа по последавателно поставено барање. Според судијата точни се наводите дека на последното рочиште странките преговарале, но судијата проценил дека неможе да им помогне. Во однос на останатите наводите се произнесува дека се класични инсинуации, во смисла да било поднесено барање за изземање на судијата од постапувањето по предметот кои е одбиено со решение на ВД претседателот на судот СУ-ИЗЗ-60/23 од 19.07.2023 година .Во однос на предметот П4-5/23 судијата наведува дека подносителот не е веќе полномошник, со оглед да неговиот властодавец му го откажал полномошното. Наводите во претставката се однесуваат во најголем дел на адвокатот , а подносителот повторно со инсинуации се обидува да го вовлече и судијата во измислени контакти.Советот најде дека наводите за постапувањето по предметите П1-114/21 и П4-5/23 не се поткрепени со докази и во овој дел претставката е неоснована.Во однос на делот од наводите за кои Советот најде дека претставката е делумно основана, ќе се проследи до членот на Советот кој е координатор за следење на работата на Основен суд Битола , на натамошно постапување.

По повод претставката УПП.бр.248/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека барањето е од месец март 2023 година, по правосилност на одлуката. Укажа дека навистина има поминато повеќе време, меѓутоа треба да се имаат во вид другите околности. Посочи дека се работи за судија кој од неговиот избор 1997 година, до денес работи исклучиво граѓански предмети и при крајот на ланската година на граѓанските судии во Основниот суд Битола им се поделени прекршочни предмети. Бројот на предмети кои ги имаат како судии кој постапуваат по граѓански област е огромен. Ова е од причина да се помогне во кривичниот оддел, затоа што нема судии кои ќе постапуваат, бидејќи единствениот судија кој работи на прекршоци бил делегиран во Основниот суд Крушево. Еден период се вратил, но има огромен број на предмети, така што и судиите од граѓанската област продолжиле да работат на прекршоци. Посочи дека и да се прифати дека е основана претставката затоа што 6 месеци не е напишана одлуката за трошоци, треба да се има во вид дека судиите се преоптоварени со основната работа што ја имаат. Дополни дека не се работи за одлука за која е определен рок во кој треба да биде донесена, додека другите предмети се поврзани со рокови. Посебно што има и итни предмети.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека се согласува дека бројот на предмети го оптоварува судијата, меѓутоа 6 месеци е премногу. Укажа дека сепак се работи за решение и судијата морал да најде време во тие 6 месеци да одговори на странката, посебно кога и судијата увидел дека упорно добива ургенции од странката. Посочи дека без оглед што не е врзано со конкретен рок, познато е дека и ЕСЧП утврдува дека странката во еден разумен рок мора да очекува правда. Нагласи дека во конкретниот случај при завршена постапка нема прозинесување по трошоците. Напомена да се земе во предвид дека имало многу предмети во работа, но не може да се избега од тоа дека судијата морал да одговори.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека ова не е прва ситуација кога се има реакции од граѓаните заради долг рок на водење на постапка или не донесување на одлука итн. И покрај тоа што се гледа дека причината е од објективен карактер, немањето на судии во конкретниот суд, преголем прилив на предмети во судот, сепак не може да се остават таквите претставки да бидат неосновани за самиот подносител. Укажа дека причината се знае и тоа ќе се цени во однос на понатамошното оценување на судијата, дека од објективни прични е така, но на странката не може да се одговори дека претставката е неоснована.

Известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-258/23** насловена како Претставка -продолжен допис се бара одговор по претходни поднесоци во кои и претходно наведува дека во сите поднесоци во ОЈО Велес нема број а има правосилен фалсификат од Основен суд Велес ,КЖ-1006/16 од 31.01.2017 година од Апелационен суд Скопје. Советот по спроведени извиди најде дека Апелационен суд Скопје со решение КЖ-1006/16 од 31.01.2017 година ја одбил како неоснована жалбата на подносителот, а првостепеното решение на Основен суд Велес КООА-42/16 од 06.10.2016година го потврдил. Иемно , Основниот суд Велес по поднесок до судот утврдил дека бил неразбирлив и не содржел она што е потребно за да постапува по него поради што со писмо КООА бр.42/16 од 31.08.2016 година му бил вратен на подносителот како оштетен за да го исправи во рок од 8 дена по приемот, со укажување дека во спротивно поднесокот ќе биде отфрлен. Бидејќи во определенеиот рок не бил исправен поднесокот, Основен суд Велес со решение КООА-42/16 од 06.10.2016 година поднесокот го отфрлил. Предметот е завршен и архивиран во судот на 20.03.2017 година. Од горенаведеното Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-275/23** се изразува незадоволство од одлука на Основен суд Штип по предмет П1-43/21.Советот по спроведени извиди најде дека Основен суд Штип по предмет П1-43/21 донел пресуда на 31.03.2022 година со која тужбеното барање на тужителката со кое бара да се утврди да тужителката према тужениот по основ на судско порамнување П бр 812/92 на Основен суд Штип била сопственик на земјоделско земјиште ... , како и барањето за трошоци во постапката 15.340,00 денари, се одбива како неосновано.Советот најде дека наводите во претставката се жалбени наводи кои може да бидат предмет на жалбена постапка пред второстепен суд како единствено надлежен да преиспитува судска пресуда. Ова во смисла на член 13 став 3 од Законот за судовите

каде судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека со претставката УПП.бр.08-248/23 се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.*

**4.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Весна Дамева** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-264/23** - До Судскиот совет на Република Северна Македонија, во претставка од 31.07.2023 година се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово по предметот О.бр.263/01, бидејќи судот не постапил 6 месеци по барањето за ставање наклаузула за правосилност и извршност на наследното решение. На ден 25.09.2023 година, од страна на подносителот на претставката доставен е допис со кој ја повлекува претставката, поради тоа што постоела можност за решавање и прибавување на клаузулата за правосилност на наследното решение. Советот ја разгледа претставката на седницата одржана на ден 30.10.2023 година и по расправата констатира дека истата е најсоодветно да се архивира со службена белешка.

По однос на претставката **УПП.бр.08-272/23** се разви дискусија по која известителот се согласи да ја повлече претставката како би се спровеле дополнителни извиди и истата да се реферира на некоја од наредните седници.

Претставка **УПП.бр.08-285/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основен суд Струмица, по предметот К.бр.174/23 и се сомнева во начинот на распределбата на предметот бидејќи и по предметот К.бр.498/22 постапувал истиот судија. Одлуката била донесена без изведување на било каков доказ дека некогаш не не одговорил на поканата на ЦСР Струмица, само врз основа на паушално пристрасно тврдење во услови кога овие докази ги имало во ЦСР Струмица, а судот не ги прибавил, иако како доказ барал да бидат

изведени. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавена е изјава од судијата и во истата е наведено дека против донесената одлука има изјавено жалба обвинетата, како и ОЈО Струмица во поглед на видот и висината на кривичната санкција. Во врска со распределбата на предметот по АКМИС системот наведува дека во Основниот суд Струмица на кривична материја работеле само 2 судии така да можноста еден предмет да се падне во работа кај овој судија бил 50%. Имајќи ги во предвид наводите изнесени во пратставката претставуваат жалбени наводи кои ќе бидат предмет на оценка од страна на повисокиот суд, се утврди дека се неосновани. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Од увидот во апликацијата „Контрола на судови“, се утврди дека предметот е автоматски распределен на судијата, а во меѓувреме Апелациониот суд Штип ја укинал првостепената пресуда и предметот е вратен на повторно одлучување пред првостепениот суд.Во врска со наводите за пристрасното постапување на судијата, се утврди дека во текот на постапката можел да го искорити институтот изземање и да побара изземање на судијата од постапување по конкретниот предмет, но тоа не го сторил. Врз основа на сето погоре наведено предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-332/23** - Подносител во претставката изразува незадоволство од постапување на судија од Основен суд Кичево, по предметот П1.бр.130/22, поради оддолговлекување на постапката по предметот, бидејќи не се почитувал законскиот рок од 6 месеци за донесување на одлука од чл. 411 ст. 4 од ЗПП. Наведува дека откако Апелациониот суд Гостивар го укинал решението, при повторното постапување предметот бил доделен на нов судија и дека едно рочиште било одложено поради задолжителна обука на судијата во Академијата за судии и јавни обвинители. По поднесување на претставка до претседателот на судот биле одржани 3 рочишта. Последното рочиште од 13.10.2023 година било одложено поради тоа што на судијата му се слошило. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и од доставените записниците од рочиштата во прилог на претставката како и по извршениот увид во апликацијата „Контрола на судови“ се утврди дека судијата закажал вкупно 7 (седум) рочишта и тоа: на 15.03.2023 година, на 10.05.2023 година, на 12.06.2023 година, на 26.05.2023 година, на 24.08.2023 година и на 13.10.2023 година. Наредно рочиште има закажано за 19.12.2023 година. Имајќи ги во предвид наводите изнесени во претставката, се утврди дека се основани и дека квалитетот во ажурното постапување во судските предмети и тоа по однос на почитувањето на роковите за преземање на процесни дејствија во постапка, почитување на законски рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, времетраењето на судската постапка ќе биде земено во предвид при редовното оценување на судијата во смисла на член 60 став 1 алинеја 2 и член 84 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

По однос на претставката УПП.бр.332/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека точно е дека рокот за решавање на спорот - смеќавање на владение е 6 месеци, но доколку се проверат сите предмети низ државата, речиси да не постои предмет што е завршен во тој рок, затоа што едноставно тоа е невозможно. Укажа дека таквите предмети најчесто изискуваат сослушување на сведоци, на странки, многупати и вештачења. Посочи дека не и е познато зошто законодавецот предвидел 6 месеци. А посебно што станува збор за судот во Кичево кој пак и нема судии. Нагласи дека не е почитуван рокот, но и самата странка наведува дека е незадоволна од организацијата на судот, бидејќи нема судии. Напомена дека Советот тоа не може да го стави на товар на судијата, на кој меѓудругото и му се слошило. Додаде дека претставката е повеќе против Советот и против државата како го организирала судството. Уклажа дека не би било во ред да се стави тоа на товар на судијата.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека се поаѓа од тоа дека за странката претставката е основана. Не е почитуван тој стрикно утврден рок и претставката е основана. Укажа дека предлогот е претставката е основна, но објективни се причините поради состојбите во судот, што ќе биде земено во предвид при редовно оценување.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека со претставката УПП.бр.08-332/23 се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.*

**5.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Миљазим Мустафа** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Истакна дека претставката УПП.бр.221/23 се повлекува.

Претставка **УПП бр.08-299/23** се поднесува против судии на Апелациониот суд Штип по предметот ГЖ-226/22.Советот по спроведени извиди и прибавена изјава од

судиите кои постапувале по предметот најде дека во предметот заведен под ГЖ-226/22 од 18.07.2023година по предлог за физичка делба на предлагачот по основ физичка делба на недвижен имот донесена е одлука затоа што по истиот претходно е поднесен ургенција за приоритетно решавање и од страна на ВД претседателот на судот е ставен резолуција да се даде приоритет бидејќи се работи за вонпарничен предмет кој се решава во рок од 6 месеци , а предметот е по жалба повеќе од една година. Во однос на наводите дека предметот е решен на 18.07.2023 година кога се годишни одмори е точен но не се точни дека е одлучувано во момент кога некој од судиите од советот бил на годишен одмор. Ова со оглед да сите судии во Апелациониот суд Штип започнале со користење на годишен одмор на 24.07.2023година . Во конкретниот случај се работи за вонпарничен предмет -физичка делба по кој се одлучува на нејавна седница, согласно Законот за судовите, па неосновани се наводите дека судот ги повредил одредбите од член 72 од Законот за судовите.Во однос на наводите дека предмет на физичка делба во таа постапка е КП-1855/2, а барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект се однесува на објект на КП-1855/4, се неосновани. По наоѓање на судот објектот дивоградба за кој од страна на предлагачот било поднесено барање за легализација се наоѓа на двете катастерски парцели, дел на КП- 1855/4 и дел на КП-1855/2. Сите жалбените наводи изнесени во претставката биле предмет на преоценување од страна на апелациониот суд и за истите е објаснето и образложено во пресудата од кои причини судот се раководел при донесување на истата.Врз основа на наведеното, Судскиот совет констатира дека претставката е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**6.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Селим Адеми** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставката **УПП-223/23** од 15.06.2023 година поднесена од РЈ полномошник на Г, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.09.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Подносителот беше известен да согласно Заклучокот на Судскиот совет на РСМ од 12.12.2022 година предвидено е полномошникот кој доставил претставка до Советот да достави уредно полномошно од подносителот кој го застапува. Со оглед на тоа што по барањето за дополнување од 04.07.2023 година подносителот не постапи, Советот одлучи по претставката да не постапува и истата да се архивира.

Претставката **УПП-238/23** од 28.06.2023 година поднесена од ДТ бранител на ББ, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.09.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Подносителот беше известен да согласно Заклучокот на Судскиот совет на РСМ од 12.12.2022 година предвидено е полномошникот кој доставил претставка до Советот да достави уредно полномошно од подносителот кој го застапува. Со оглед на тоа што по барањето за дополнување од 04.07.2023 година подносителот не постапи, Советот одлучи по претставката да не постапува и истата да се архивира.

Претставка **УПП.бр.280/23** од 11.08.2023 година незадоволство од нестручно и несовесно постапување во постапката по предметот ТСЖ-659/23 на судии од Апелационен суд Скопје. Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува и биле предмет на разгледување од надлежен второстепен суд, кој ги ценел сите докази и факти врз основа на што го донел решението ТСЖ-659/23 од 08.06.2023 година.

Претставката заведена под **УПП.бр.321/23** од 10.10.2023 година, дополнувања од 19.10.2023 година и 25.10.2023 година беа разгледани на седница на Советот на ден 30.10.2023 година и притоа беше констатирано дека во истате не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесена претставка до Советот од истиот подносител. Советот не најде елементи да постапи по претставките на подносителот, а истото согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки кога претставката.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**7.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавената претставка.

Претставка **УПП.бр.08-265/23** од од 27.07.2023 и 24.08.2023 година. Подносителот на претставката постапувајќи по барање на Судскиот совет за уредување на претставка истата ја уредува на начин што наведува дека неговото незадоволство се однесува на постапувањето на Управниот суд и Вишиот управен суд по предметите У3.бр.55/21, У3.бр.400/20 и УЖ1.бр.347/20.

Посочува дека постапките се водени заради потребата од изградба на градски пазар, при што истиот е изграден и пуштен во употреба, а неговото градежно неизградено земјиште во поранешна сопственост не е искористено за намената за кое му било одземено.

Во врска со првостепената постапка укажува дека предметниот судија не ги земал во предвид фактите и доказите при носењето на одлуката, а во второстепата постапка укажува дека од страна на судот не биле земени во обѕир новите факти и новите докази како законски основ за повторување на постапката.

Истакнува сомнежи зошто исти судии од Управниот и Вишиот управен суд одлучувале во речиси сите постапки.

Во врска со останатите споменати пресуди - одлуки за кои Судскиот совет решавал на седница тврди дека истите се противзаконски.

Бара од Судскиот совет да ги потврди неправилностите, да утврди одговорност кај предметните судии и незаконитите одлуки да ги поништи.

По извршените извиди по претставката, а заради проверка на основаноста на наводите во истата и анализа на приложените одлуки кон претставката се констатира дека Управниот суд по предметот У3.бр.55/21 одлучувајќи по тужбата на подносителот на претставката против Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на испекцискиот надзор и прекршочната постапка по основ на отстранување на градба носи пресуда на ден 26.11.2021 година со која тужбата на тужителот ја одбива како неоснована. Во конкретниот случај судот нашол дека тужениот орган правилно одлучил кога го донел оспореното решение со кое жалбата на тужителот ја одбил како неоснована и дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифатил и судот.

Во поглед на предметот У3.бр.400/20, истиот е оформен пред Управниот суд по предлогот за повторување на постапка на подносителот на претставката. Постапувајќи по предлогот судот до тужителот доставил барање да се уреди петитумот на предлогот на начин што ќе прецизира точно која пресуда се оспорува, а доколку се оспоруваат двете постапки, да се направи разграничување, односно да поднесе посебен предлог за секоја пресуда одделно. Со оглед дека тужителот уредно го примил писмо за уредување на предлогот и не постапил по истото и до судот не доставил произнесување, Управниот суд на ден 24.12.2020 година носи решение со кое предлогот за повторување на постапка на подносителот на претставката се отфрла.

Во врска со предметот УЖ1.бр.347/20 кој е оформен по предлог за повторување на правосилно завршена постапка пред Вишиот управен суд, судот на 18.06.2020 година носи решение со кое предлогот на подносителот на претставката се отфрла под образложение дека во конкретниот случај во предлогот за повторување на постапка тужителот не го направил веројатно постоењето на законски основ за повторување на постапката.

Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Предвид наведеното Судскиот совет најде дека наводите во преставката се неосновани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложената претставка.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложената претставка.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека преостанатите претставки се повлекуваат и ќе бидат предмет на разгледување и одлучување на некоја од наредните седници.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Разно)

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на координатор на Апелационен суд Битола.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека претседателот на Апелациониот суд Битола со допис Су.бр.03-290/23 од 20.10.2023 година, заведен во Судскиот совет под бр.02-2107/1 од 26.10.2023 година, достави предлог до Советот, судијата поротник: Мирјана Христовска да биде разрешена од функцијата, бидејќи на ден 04.10.2023 година навршила 60 години старост.

Истакна дека по разгледување на предлогот за разрешување и извршениот увид во Регистерот на судии поротници, констатира дека Мирјана Христовска судија поротник во Апелациониот суд Битола на ден 04.10.2023 година навршила 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија-поротник. Од таа причина предложи да се констатира дека на Мирјана Христовска и престанува функцијата судија-поротник во Апелациониот суд Битола на ден 04.10.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

На Мирјана Христовска, избрана за судија поротник на Апелационен суд Битола со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-1131/3 од 27.08.2020 година и престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост на 04.10.2023 година.

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Мери Радевска во својство на координатор на Основен кривичен суд Скопје.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека Основниот кривичен суд Скопје објавил јавен оглас за избор на судии-поротници бр.4/2023 за избор на 10 судии поротници. Со допис Су.бр.03-410/2023 од 19.10.2023 доставена е предлог листа на кандидати за судии поротници, кои ги исполнуваат законски предвидените услови.

Истакна дека по разгледување на предлог листата на кандидати констатира дека пријавените кандидати Игор Перчинковски, Благица Јакимовска, Ратка Крстевска, Елизабета Васева и Даниела Јаќимовска ги исполнуваат условите за судија поротник, согласно чл.7 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судови и предложи истите да се изберат за судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот на координаторот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласањето е спроведено.

Согласно чл.53 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ кога Советот избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Во таа насока, претседателот на Советот Сашко Георгиев побара да гласаат членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:

1. Игор Перчинковски

2. Благица Јакимовска
3. Ратка Крстевска
4. Елизабета Васева и
5. Даниела Јаќимовска.

Оваа одлука влегува во сила од 01.11.2023 година.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 462-та седница на Советот и дека истата е завршена во 16:05 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева